# СЛ ... Т
## НА СОЦИЈАЛ... ЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Понеделник, 5 октомври 1987

БЕЛГРАД

БРОЈ 65 ГОД. XLIII

... – Аконтација на претплатата за 19... ...есува 9.600 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756


**852.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ОБЕМ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1987 ГОДИНА

Се прогласува Законот за привремено утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на Федерацијата за 1987 година„ што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 5 октомври 1987 година.

П бр. 746
5 октомври 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Лазар Мојсов,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ОБЕМ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1987 година се утврдува во износ од 3,044.088,286.000 динари.

Член 2

Средствата за делумно покритие на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1987 гоина ќе се обезбедат од изворните приходи на федерацијата, во износ од 2,422.288,286.000 динари.

Член 3

Разликата помеѓу износот на вкупниот обем на расходите од член 1 на овој закон и износот на изворните приходи на федерацијата од член 2 на овој закон, во износ од 621.800,000.000 динари, ќе се обезбеди од придонесите на републиките и на автономните покраини.

Член 4

Обврските на федрацијата по основа на отплатата на кредитите користени за финансирање на федерацијата во 1979 година врз основа на Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/78), во 1980 година врз основа на Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/79 во 1981 година врз основа на Законот за утврдвање на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1981 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 74/80), Законот за обезбедување на делот од средствата за финансирање на сојузните стоковни резерви на индустриски производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/84 и 33/85), како и обврските на федерацијата по девизното задолжување на федерацијата од 1983 и 1985 година ќе се исплатат во 1991 година во износите што требаше да се исплатат во 1987 година.

Член 5

Обврските на федерацијата за исплата на обврзниците и купоните што втасуваат за наплата во 1987 година по обврзниците на федерацијата издадени врз основа на Законот за пресметување и намирување на курсните разлики во работењето на банките по девизните влогови на граѓаните во 1973 и 1974 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 50/75 и 62/77), Законот за покритие на курсните разлики по девизните сметки и девизните штедни влогови на граѓаните за периодот од 1 јануари 1975 до 30 септември 1978 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/79), Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1973 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/72), Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/79 и 71/80), исплатите на делот од обврзниците на федерацијата за покритие на вкупниот обем на расходите на буџетот на федерацијата за 1977 година (Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1977 година „Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76), како и купоните на обврзниците на федерацијата што втасале за наплата во 1983 година, а одложени со Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1983 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 77/82) и купоните на обврзниците на федерацијата што втасале за наплата во 1987 година (Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите за 1987 година, „Службен лист на СФРЈ", бр. 71/86), ќе се исплатат во 1991 година во износите што требаше да се исплатат во 1987 година.

Член 6

Остварените приходи и извршените расходи според одредбите на Законот за утврдување на вкупниот обен на расходите на Буџетот на федерацијата за 1987 година се засметуваат во приходите и расходите според одредбите на чл. 1 до 3 од овој закон.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**853.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ФОНДОТ НА СОЛИДАРНОСТА СО НЕВРЗАНИТЕ ЗЕМЈИ И СО ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за измена на Законот за Фондот на солидарноста со неврзаните земји и со земјите во

развој, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 30 септември 1987 година.

П бр. 748
30 септември 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Лазар Мојсов,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ФОНДОТ НА СОЛИДАРНОСТА СО НЕВРЗАНИТЕ ЗЕМЈИ И СО ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ

Член 1

Во Законот за Фондот на солидарноста со неврзаните земји и со земјите во развој („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/74, 55/78 и 13/86) во член 5 став 2 процентот: „0,1%" се заменува со процентот: „0,05%".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а се применува од 1 јануари 1987 година.

**854.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 1 октомври 1987 година.

П бр. 751
1 октомври 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Лазар Мојсов,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 1

Во Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 46/85) во член 4 став 1, по петтата алинеја се додава нова алинеја, која гласи:

„- материјални и други услови за хармоничен и стабилен социјален развој, за обезбедување на економска, социјална и лична сигурност и за постојано подобрување на условите за живот и работа на работните луѓе и граѓаните;".

Досегашните алинеи шеста и седма стануваат алинеи седма и осма.

Член 2

Во член 11 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Со долгорочниот општествен план на Југославија, врз основа на оценетите услови и можности за долгорочен развој на земјата и развој на републиките и на автономните покраини се утврдуваат и основните макроекономски пропорции на развојот, што претставуваат ориентациони индикатори за развојната и економската политика."

Досегашните ст. 3 до 5 стануваат ст. 4 до 6.

Член 3

Во член 12 став 1 по зборовите: „можат да донесуваат" се додаваат зборовите: „заеднички програми за унапредување и развој на технологија, заеднички програми за унапредување на производството за извоз и други".

По став 4 се додава став 5, кој гласи:

„Со мерките на развојната и економската политика, што се донесуваат во согласност со насоките и рамките за нивно донесување, утврдени во општествениот план на Југославија и во општествените планови на републиките и на автономните покраини, може да се поттикнува остварувањето на заедничките програми за развој што се во согласност со тие општествени планови."

Член 4

Во член 15 став 1 по зборот: „утврдуваат" се брише запирката и се додаваат зборовите: „заедничките интереси и цели на стопанскиот и општествениот развој, а".

Во втората алинеја зборовите: „пропорции на материјалниот развој" се заменуваат со зборовите: „макроекономски пропорции на развојот".

Член 5

Во член 33 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Организациите на здружен труд од став 1 на овој член, во постапката на подготвување на заедничките планови, ги усогласуваат заедничките интереси, потреби и можности на развојот со корисниците на нивните производи и услуги, тргнувајќи од заедничките интереси и цели на стопанскиот и општествениот развој и од структурните промени во стопанството што во постапката на планирањето се утврдуваат во општествениот план на Југославија. Со мерките на развојната и економската политика се поттикнува остварувањето на тие заеднички планови."

Досегашниот став 2 станува став 3.

Член 6

Во член 48 став 2 по зборовите: „тие планови" се додаваат зборовите: „и на општествениот план на Југославија".

Член 7

Во член 57 по став 2 се додаваат нови ст. 3 до 7, кои гласат:

„Заедничките интереси и цели на развојот од ст. 1 и 2 на овој член се усогласуваат со материјалните можности и со другите услови за развој.

Со општествениот план на Југославија, врз основа на усогласените заеднички интереси и цели на стопанскиот и општествениот развој, се утврдуваат и основните макроекономски пропорции што служат како индикативна основа за насочување на стопанскиот и општествениот развој, усогласување на глобалните односи во општествената репродукција и за утврдување на мерките на заедничката економска политика.

Основните макроекономски пропорци се однесуваат особено на: формирањето на општествениот производ; распределбата на општествениот производ и доходот на стопанството на акумулација и потрошувачка; распределбата на националниот доход на дел за стопанството и на дел за другите општествени субјекти; учеството на општа-

та и заедничката потрошувачка во националниот доход; основната структура на инвестициите; економските односи со странство.

Основните макроекономски пропорци на развојот се засноваат врз реалните материјални можности, дејствувањето на економските законитости и критериумите на домашниот и странскиот пазар и врз заснованите на нив оцени на условите и можностите за развој на републиките и автономните покраини и на целокупната општествена заедница.

Со општествениот план на Југославија се утврдуваат и насоките и рамките за донесување на мерките на економската политика и на други мерки за остварување на заедничките интереси и цели на развојот и на основните макроекономски пропорции на развојот утврдени во општествениот план на Југославија, што, во согласност со своите права и должности, ги донесуваат органите на федерацијата односно органите на републиките и на автономните покраини."

Досегашниот став 3 се брише.

Член 8

Во член 61 по став 1 се додаваат ст. 2 и 3, кои гласат:

„Органите на федерацијата и органите на републиките и на автономните покраини се одговорни за извршувањето на мерките и прописите што ги донесуваат заради остварување на општествениот план на Југославија.

Ако не се остваруваат заедничките интереси и цели на стопанскиот и општествениот развој и основните макроекономски пропорции на развојот утврдени во општествениот план на Југославија, Сојузниот извршен совет ќе му предложи на Собранието на СФРЈ мерки што е неопходно да се преземат заради нивно остварување."

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ.

855.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за дополненија на Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 2 октомври 1987 година.

П бр. 752
2 октомври 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Лазар Мојсов**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/82, 77/82, 75/85 и 8/87), во член 93 по став 1 се додаваат нови ст. 2 и 3, кои гласат:

„Одредбите на член 84 став 3 од овој закон ќе се применуваат и врз пензиите и паричните надомести остварени до 1 јули 1983 година, и тоа со постепено поместување на исплатата на пензиите и на паричните надомести во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на Законот за дополненија на Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 65/87)".

Начинот на преминување на исплата наназад на пензиите и на паричните надомести ќе го уредат заедниците со самоуправен општ акт."

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

856.

Врз основа на член 315 точка 3) од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСОВНИ ЗАЕДНИЦИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ПОТРОШУВАЧКА ВО 1987 ГОДИНА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересовни заедници од општествените дејности за потрошувачка во 1987 година, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 2 октомври 1987 година.

П бр. 753
2 октомври 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Лазар Мојсов**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСОВНИ ЗАЕДНИЦИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ПОТРОШУВАЧКА ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересовни заедници од општествените дејности за потрошувачка во 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/87), во член 1 став 1 запирката и зборовите: „јануари-јуни" се бришат, а по зборовите: „вишоци на приходите" се додаваат зборовите: „односно зголемени за помалку остварените приходи до дозволеното ниво,".

Член 2

Во член 4 на крајот од став 1 се додава реченица, која гласи:

„По исклучок во месец октомври 1987 година самоуправните интересовни заедници од општествените дејности и општествено-политичките заедници се должни да ѝ достават образец ИС за јануари-септември на Службата на општественото книговодство до 15 октомври 1987 година."

Член 3

Во член 5 став 2 на крајот се става запирка и се додаваат зборовите: „за периодот јануари-септември Службата на општественото книговодство ќе ги утврди вишоците на приходите кај корисниците на општествени средства до 20 октомври 1987 година".

Член 4

Во образецот „ИС" по реден број: „2" се додава реден број: „2а", кој гласи:

„2а. Помалку остварени приходи до износот дозволен за соодветниот период од 1986 година".

Во реден број 3 по зборовите: „реден број 2" се додаваат запирка и зборовите: „односно плус реден број 2а".

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**857.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНЕНИЈАТА НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1987 ГОДИНА

Се прогласуваат Измените и дополненијата на Буџетот на федерацијата за 1987 година, што ги усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 2 октомври 1987 година.

П. бр. 757
2 октомври 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Лазар Мојсов,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич,** с. р.

# ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА

## НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Во Буџетот на федерацијата за 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/86) во член 1 во точка 1 износот: „1.567,538.500.000" се заменува со износот: „2.422.288,286.000", во точка 2 износот: „1,963.638,500.000" се заменува со износот: „3,044.088,286.000", во точка 3 износот: „396.100,000.000" се заменува со износот: „621.800,000.000", и во точка 4 износот: „396.100,000.000" се заменува со износот: „621.800,000.000".

Член 2

Во член 2 износот: „1.659,900.000" се заменува со износот: „1.800,000.000".

Член 3

Во член 3 се вршат следните измени и дополненија:

А) во Подбилансот на приходите и расходите на средствата за финансирање на Југословенската народна армија во 1987 година, во оддел I. Приходи:

1) во Вид 03. Даноци на промет на производи и на надомести за услуги, во формата на приходите 03-1 Данок на промет, износот: „762.830,300.000" се заменува со износот: „1.081.148,500.000", во потформата на приходите 03-1-1 Дел на основниот данок на промет на производи, износот: „762.830,300.000" се заменува со износот: „1,081.148,500.000", а во ставката Вкупно вид 03, износот: „762.830,300.000" се заменува со износот: „1,081.148,500.000";

2) во Вид 06. Царина и други увозни давачки и лежарина, во формата на приходите 06-1 Царина, износот: „178.950,057.000" се заменува со износот: „208.283,574.000", во формата на приходите 06-2 Посебни увозни давачки, износот: „109.788,043.000" се заменува со износот: „292.430,126.000", во потформата на приходите 06-2-2 Посебна давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезените стоки, износот: „91.115,951.000" се заменува со износот: „133.189,828.000", во потформата на приходите 06-2-3 Давачки за царинско евидентирање, износот: „18.667,151.000" се заменува со износот: „24.034,255.000", во потформата на приходите 06-2-4 Лежарина за стоки сместени во царински магацини, износот: „4,941.000" се заменува со износот: „13.360.000".

По потформата на приходите 06-2-4 се додава нова потформа на приходите 06-2-5 која гласи: „06-2-5 Посебна такса на увезени стоки: 135.192,683.000".

Во ставката Вкупно вид 06, износот: „288.738,100.000" се заменува со износот: „500.713,700.000".

3) Во вид 08. Приходи од други општествено-политички заедници, во формата на приходите 08-1 Придонеси на републиките и автономните покраини, износот: „272.143,600.000" се заменува со износот: „415.512,800.000", во потформата на приходите 08-1-1 Придонес на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, износот: „36.706,301.000" се заменува со износот: „45.998,710.000", во потформата на приходите 08-1-2 Придонес на Социјалистичка Република Црна Гора, износот: „5.803,040.000" се заменува со износот: „3.904,199.000", во потформата на приходите 08-1-3 Придонес на Социјалистичка Република Хрватска, износот: „71.274,641.000" се заменува со износот: „114.090,949.000", во потформата на приходите 08-1-4 Придонес на Социјалистичка Република Македонија, износот: „15.604,344.000" се заменува со износот: „19.060,260.000", во потформата на приходите 08-1-5 Придонес на Социјалистичка Република Словенија износот: „46.424,307.000" се заменува со износот: „76,930,953.000", во потформата на приходите 08-1-6 Придонес на Социјалистичка Република Србија без автономните покраини, износот: „64.333,206.000" се заменува со износот: „105.093,050.000", во потформата на приходите 08-1-7 Придонес на Социјалистичка Автономна Покраина Косово, износот: „1.344,390.000" се заменува со износот: „1.307.572.000", во потформата на приходите 08-1-8 Придонес на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина, износот: „30.653,371.000" се заменува со износот: „49.127,107.000", во ставката Вкупно вид 08, износот: „272.143,600.000" се заменува со износот: „415.512,800.000", во ставката Вкупни приходи за распоред (видови 03, 06 и 08), износот: „1,323.712,000.000" се заменува со износот: „1,997.375,000.000".

Во Оддел II. Распоред на приходи:

1) во Основна намена 02-1 Народна одбрана и општествена самозштитa во распоредната група 02-1 Средства за Југословенската народна армија, износот: „1,323.712,000.000" се заменува со износот: „1,997.375,000.000", во распоредната подгрупа 02-1-1 Средства за Југословенската народна армија во тековната година, износот: „1,323.712,000.000" се заменува со износот: „1,997.375,000.000", а во ставката Вкупно основна намена 02 износот: „1,323.712,000.000" се заменува со износот: „1,997.375,000.000";

2) во ставката Вкупно распоредени приходи на Подбилансот на приходите и расходите на средствата за финансирање на Југословенската народна армија износот: „1,323.712,000.000" се заменува со износот: „1,997.375,000.000".

Б) во Подбилансот на приходите и расходите на средствата за финансирање на други функции и обврски на фе-

дерацијата, како и за резерви на федерацијата за 1987 година, во оддел I. Приходи:

1) во Вид 03. Даноци на промет на производи и на надомест за вршење на услуги, во формата на приходите 03-1 Данок на промет на производи, износот: „347.455,200.000" се заменува со износот: „536.751,500.000", во потформата на приходите 03-1-1 Дел на основниот данок на промет, износот: „347.455,200.000" се заменува со износот: 536.751,500.000", а во ставката Вкупно вид 03, износот: „347.455,200.000" се заменува со износот: 536.751,500.000";

2) во Вид 05. Такси, во формата на Приходите 05-1 Административни такси, износот: „6.999,800.000" се заменува со износот: „7.579,800.000", во потформата на приходите 05-1-1 Конзуларни такси, износот: „6.520,000.000" се заменува со износот: „6.900,000.000" во потформата на приходите 05-1-2 Царински такси, износот: „390,010.000" се заменува со износот: „585,000.000", а во потвформата на приходите 05-3-1 Други сојузни административни такси, износот: „89,790.000" се заменува со износот: „94,800.000".

Во ставката Вкупно вид 05, износот: „7.000,000.000" се заменува со износот: „7.580,000.000";

3) во Вид 06. Царина и други увозни давачки и лежарина, во формата на приходите 06-1 Царина, изност: „81.508,464.000" се заменува со износот: 103.637.426.000", во формата на приходите 06-2 Посебни увозни давачки, износот: „50.006,436.000", се заменува со износот: „144.948.874.000", во потформата на приходите 06-2-2 Посебна давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезени стоки, износот: „41.501,641.000" се заменува со износот: „66.073,172.000", во потформата на приходите 06-2-3 Давачка за царинско евидентирање, износот: „8.502,544.000" се заменува со износот: „11.692.745.000", во потформата на приходите 06-2-4 Лежарина за стоки сместени во царински магацини, износот: „2,251.000" се заменува со износот: „6,640.000".

По потформата на приходите 06-2-4 се додава нова потформа на приходите 06-2-5, која гласи: „06-2-5 Посебна такса на увезени стоки, „67.176.317.000".

Во ставката Вкупно вид 06, износот: „131.514,900.000" се заменува со износот: „248.586.300.000";

4) во Вид 07. Приходи по посебни сојузни прописи, Приходи на органите на управата и други приходи, во формата на приходите 07-2 Приходи на органите на управата, износот: „20.000,000.000" се заменува со износот: „22.500,000.000", во потформата на приходите 07-2-1 Приходи на сојузните органи и организации, износот: „20.000,000.000 се заменува со износот: „22.500,000.000" во формата на приходите 07-4 Други приходи, износот: „10.000,000.000" се заменува со износот: „25.008,286.000", а во ставката вкупно вид 07. износот: „30.000,000.000" се заменува со износот: „47.508,286.000";

5) во Вид 08. Приходи од други општествено-политички заедници, во формата на приходите 08-1 Придонеси на републиките и автономните покраини, износот: „123.956,400.000" се заменува со износот: „206.287,200.000", во потформата на приходите 08-1-1 Придонес на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, износот: „16.719.045.000" се заменува со износот: „22.836,709.000", во потформата на приходите 08-1-2 Придонес на Социјалистичка Република Црна Гора, износот: „2.643,176.000" се заменува со износот: „1.938,295.000", во потформата на приходите 08-1-3 Придонес на Социјалистичка Република Хрватска, износот: „32.464,287.000" се заменува со износот: „56.642,061.000", во потформата на приходите 08-1-4 Придонес на Социјалистичка Република Македонија, износот: „7.107,490.000" се заменува со износот: „9.462.745.000", во потформата на приходите 08-1-5 Придонес на Социјалистичка Република Словенија, износот: „21.145,419.000" се заменува со износот: „38.193.456.000", во потформата на приходите 08-1-6 Придонес на Социјалистичка Република Србија без автономните покраини, износот: „29,302,593.000" се заменува со износот: „52.174,927.000", во потформата на приходите 08-1-7 Придонес на Социјалистичка Автономна Покраина Косово, износот: „612,344.000" се заменува со износот: „649,162.000", во потформата на приходите 08-1-8 Придонес на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина, износот: „13.962,046.000" се заменува со износот: „24.389,845.000", во ставката Вкупно вид 08. износот: „123.956,400.000" се заменува со износот: „206.287,200.000",

6) Во ставката Вкупни приходи за распоред (вид 03,05,06, 07 и 08) износот: „639.926,500.000" се заменува со износот: „1,046.713,286.000".

Во оддел II. Распоред на приходите:

1) во Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во распоредната група 01-1 Средства што работниците ги стекнуваат како доход на раобтната заедница, изност: „59.673,526.000" се заменува со износот: „81.522,070.000", во распоредната подгрупа 01-1-1 Средства за лични доходи, износот: „58.628,526.000" се заменува со износот: „80.327,070.000", во распоредната подгрупа 01-1-2 Средства за заедничка потрошувачка, износот: „1.045,000.000" се заменува со износот: „1.195,000.000", во распоредната група 01-2 Средства за материјални трошоци, износот: „6.469,388.000" се заменува со износот: „9.110,439.000", во распоредната група 01-3 Средства за посебни намени, износот: „61.336,838.000" се заменува со износот: „94.327,491.000", во распоредната подгрупа 01-3-1. Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите и делегатите, износот: „2.683,390.000" се заменува со износот: „4.075,015.000", во распоредната подгрупа 01-3-2 Други посебни намени, износот: „27.726,335.000" се заменува со износот: „50.599,430.000", во распоредната подгрупа 01-3-3 Средства за општи општествени потреби, износот: „30.927,113.000" се заменува со износот: „39.653.046.000, а во ставката Вкупно основна намена 01, износот: „127.479,752.000" се заменува со износот: „184.960,000.000";

2) во Основна намена 04 Трансферни средства на други општествено-политички заедници, во распоредната група 04-2 Дополнителни средства, износот: „158.627,900.000" се заменува со износот: „192.964,371.000", во распоредната подгрупа 04-2-1 Дополнителни средства на буџетите на републиките и автономните покраини, износот: „158.627,900.000" се заменува со износот: „192,964,371.000", а во ставката Вкупно основна намена 04, износот: „158,627.900,000" се заменува со износот: „192.964,371.000".

3) во Основна намена 05 Обврски во финансирање на општествените дејности, во распоредната група 05-9 Пензиско-инвалидско осигурување, износот: „222.315,540.000" се заменува со износот: „474.676,130.000", во распоредната група 05-11 Боречко-инвалидска заштита, износот: „51.210,100.000" се заменува со износот: „122.360,900.000" а во ставката Вкупно основна намена 05, износот: „273.525,640.000" се заменува со износот: „597.037,030.000".

4) во Основна намена 06 Други општи општествени потреби, во распоредната група 06-2 Општествено-политички организации, износот: „5.942,600.000" се заменува со износот: „8.517,100.000", во распоредната група 06-11 Надомест на Службата за општествено книговодство, износот: „412,500.000" се заменува со износот: „594,000.000", во распоредната рупа 06-12 Друго, износот: „26.419,708.000" се заменува со износот: „29.030,008.000", а во ставката Вкупно основна намена 06, износот: „32.774,808.000" се заменува со износот: „38.141,108.000".

5) во Основна намена 07 Средства на резервите на федерацијата, во распоредната група 07-2 Текуштa буџетска резерва, износот: „1.659,900.000" се заменува со износот:„1.800,000.000", а во ставката Вкупно основна намена 07, износот: „1.909,900.000" се заменува со износот: „2.050,000.000".

6) во Основна намена 08 Орочени и издвоени средства, обврски и други потреби од интерес за федерацијата, во распоредната група 08-4 Обврски по кредитите, износот: „45.608,500.000" се заменува се износот: „31.560,777.000", во распоредната подгрупа 08-4-2 Долгорочни обврски од поранешните години, износот: „45.608,500.000" се заменува со износот: „31.560,777.000", а во ставката Вкупно основна намена 08, износот: „45.608,500.000" се заменува со износот: „31.560,777.000".

7) во ставката Вкупно распоредени приходи на Подбилансот на средствата за финансирање на другите функции и обврски на федерацијата, како и за резервите на федерацијата во 1987 година, износот: „639.926,500.000" се заменува со износот: „1,046.713,286.000".

Член 4

Во член 4 износот: „1,323.712,000.000" се заменува со износот: „1,997.375,000.000", во Раздел 1 Сојузен секрета-

ријат за народна одбрана, Основна намена 02 Народна одбрана и општествена самозаштита, во позицијата 1.02-1-1 Средства за Југословенската народна армија во текуштата година, износот: „1,323.712,000.000” се заменува со износ: „1,997.375,000.000”, во ставката Вкупно основна намена 02, износот: „1,323.712,000.000” се заменува со износот: „1,997.375,000.000”, а во ставката Вкупно Раздел 1, износот:„1,323.712,000.000” се заменува со износот: „1,997.375,000.000”.

Член 5

Во член 5 износот: „639.926,500.000” се заменува со износот: „1,046.713,286.000”.

1) во Раздел 1. Претседателство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Глава 1 Претседателство, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 1 Средства за лични доходи на работниците, износот: „517,366.000” се заменува со износот: „688,614.000”, во позицијата 2 Средства за материјални трошоци, износот: „9,480.000” се заменува со износот: „16,000.000”, во позицијата 3 Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите, износот: „87,452.000” се заменува со износот: „116,399.000”, во позицијата 4 Надомест за одвоен живот од семејството, износот: „2,520.000” се заменува со износот: „4,680.000”, во позицијата 5 Патни трошоци, износот: „2,822.000” се заменува со износот: „4,822.000”, во позицијата 6 Канцелариски материјал, износот: „17,000.000” се заменува со износот: „21,000.000”, во позицијата 7 Поштенско-телеграфски и телефонски трошоци, износот: „3,038.000” се заменува со износот: „7,038.000”, во позицијата 8 Трошоци за репрезентација, износот: „3,446.000” се заменува со износот: „4,446.000”, во позицијата 9 Патувања и посети, износот: „100.880.000” се заменува со износот: „150,880.000”, во позицијата 11 Претплата на службени весници, списанија и печат, износот: „2,629.000” се заменува со износот: „4,629.000”, во позицијата 12 Трошоци за изработка на ордени и одликувања, износот: „61,400.000” се заменува со износот: „81,400.000”, во позицијата 13 Трошоци за услуги, износот: „98.000” се заменува со износот: „108.000”, во позицијата 14 Надомест за нормирано работно време, износот: „1,170.000” се заменува со износот: „1,570.000”, во позицијата 15 Набавка на службена и работна облека, износот: "732.000” се заменува со износот: „1,032.000”, во позицијата 16 Опремање и уредување на службени станови, износот: „528.000” се заменува со износот: „728.000”, во позицијата 17 Трошоци на Сојузниот совет за заштита на уставниот поредок, износот: „235.000” се заменува со износот: „255.000”, во позицијата 18 Трошоци на Советот за народна одбрана, износот: „150.000” се заменува со износот: „200.000”, во ставката Вкупно основна намена 01, износот: „811,106.000” се заменува со износот: „1.103,961.000”, а во ставката Вкупно Глава 1, износот: „811,106.000” се заменува со износот: „1.103,961.000”.

Во Глава 2, Служба за репрезентативните објекти на Претседателството на СФРЈ, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 19 Средства за лични доходи на работниците, износот: „217,389.000” се заменува со износот: „307.278.000”, во позицијата 20 Средства за материјални трошоци, износот: „81,872.000” се заменува со износот:„111,872.000”, во позицијата 21 Патни трошоци во земјата и во странство, износот: „134.000” се заменува со износот: „434.000”, во позицијата 22 Трошоци за одржување на објекти и инвентар, износот: „90.589.000” се заменува со износот: „110.589.000”, во позицијата 23 Лични доходи на сезонските работници, износот: „1,176.000” се заменува со износот: „1.676.000”, во позицијата 24 Надомест за работа на надворешни соработници, износот: „900.000”, се заменува со износот: „1,700.000”, во позицијата 25 Трошоци за одржување и користење на репрезентативните вили на Бриони, износот: 190,256.000” се заменува со износот: „210,256.000”. Во ставката Вкупно основна намена 01, износот: „582,316.000” се заменува со износот: „743,805.000”, во ставката Вкупно Глава 2, износот: „582,316.000” се заменува со износот: „743,805.000”, а во ставката Вкупно Раздел 1 (позиции од 1 до 25), износот: „1.393,422.000” се заменува со износот: „1.847.766.000”.

2) во Раздел 2. Собрание на СФРЈ, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 26 Средства за лични доходи на работниците, износот: „2.132,224.000” се заменува се износот: „2.837.990.000”, во позицијата 27 Средства за материјални трошоци, износот: „77,092.000” се заменува со износот: „100,092.000”, во позицијата 28 Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите, износот: „1.572,790.000” се заменува со износот: „2.678,790.000”, во позицијата 29, поштенско-телеграфски и телефонски трошоци, износот: „86,304.000” се заменува со износот: „96,304.000”, во позицијата 31 Надомест за надворешни соработници, износот: „2.997.000” се заменува со износот: „3,997.000”, во позицијата 34 Претплата на службени весници, билтени и списанија, износот: „10,200.000” се заменува со износот: "11,700.000”, во позицијата 39 Набавка на облека и обувки, износот: „7,174.000” се заменува со износот: „9,174.000”, во позицијата 40 Услуги извршени од други, износот: „10,600.000” се заменува со износот: „15,600.000” во позицијата 41 Трошоци за одржување на возниот парк, износот: „70,418.000” се заменува со износот: „80,418.000”, во позицијата 42 Трошоци на печатницата, износот: „59,643.000”. се заменува со износот: „69,643.000”, во позицијата 46 Трошоци за работа на посебни комисии, износот: „2,000.000” се заменува со износот: „4,000.000”, во позицијата 48 Титов фонд за стипендирање на млади работници и рабортнички деца на Југославија, износот: „1,175.000” се заменува со износот: „2,675.000”, во позицијата 49 Уредување и наместување на станови за службени потреби, износот: „7,933.000” се заменува со износот: „8,933.000”, во ставката Вкупно основна намена 01, износот: „4.987,109,000” се заменува со износот: „6.865,875.000”, а во ставката Вкупно Раздел 2 (позиции од 26 до 53), износот: „4.987,109.000” се заменува со износот: „6.865,875.000”.

3) во Раздел 3. Совет на федерацијата, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 54 Средства за лични доходи на работниците износот: „210,335.000” се заменува со износот: „280,404.000”, во позицијата 55 Средства за материјални трошоци, износот: „5,730.000” се заменува со износот: „10,532.000”, а позицијата: „56.01-3-1 Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите и на лицата со посебен статус 13,000.000” се брише. Во ставката Вкупно основна намена 01, износот: „235,225.000” се заменува со износот: „297,096.000”, а во ставката вкупно Раздел 3 (позиции од 54 до 62), износот: „235,225.000” се заменува со износот: „297,096.000”.

4) во Раздел 4. Сојузен извршен совет, Глава 1. Сојузен извршен совет, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 63 Средства за лични доходи на работниците, износот: „961,824.000” се заменува со износот: „1.317,995.000”, во позицијата 64 Средства за материјални трошоци, износот: „134,547.000” се заменува со износот: „184,547.000”, во позицијата 65 Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите, износот: „226,725.000” се заменува со износот: „301,771.000”, во позицијата 66 Надомест за одвоен живот од семејството, износот: „8,820.000” се заменува со износот: „18,974.000”, во позицијата 67 Надомест за надворешни соработници, износот: „1,000.000” се заменува со износот: „2,000.000”, во позицијата 69 Патни трошоци во странство, износот: „182,616.000” се заменува со износот: „282,616.000”, во позицијата 70 Средства за потребите на Комисијата на СЕВ, износот: „17.521.000” се заменува со износот: „21,021.000”, во позицијата 71 Трошоци за репрезентација, износот: „14,000.000” се заменува со износот: „28,000.000”, во позицијата 72 Трошоци за меѓународна соработка, износот: „50,000.000” се заменува со износот: „90,000.000”, во позицијата 81 Стипендии, износот: „280.000” се заменува со износот: „480.000”, во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „1.712,690.000”, се заменува со износот: „2.362,761.000”, а во ставката Глава 1, износот: „1,712,690.000” се заменува со износот: „2.362,761.000”.

Во Глава 2. Служба за персонални работи, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 84 Средства за лични доходи на работниците, износот: „45,723.000” се заменува со износот: „48.409,000” во позицијата 85. Средства за материјални трошоци, износот: „2,604.000” се заменува со износот: „3,104.000”, во позицијата 86 Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите на располагање и на лицата со посебен статус, износот: „208,533.000” се заменува со износот: „211,365.000”, во ставката Вкупно основна намена 01, износот: „256,860.000” се заменува со износот:

„262,978.000", а во ставката вкупно Глава 2, износот: „256,860.000" се заменува со износот: „262,978.000".

Во Глава 3. Служба на Сојузниот извршен совет за одбранбени подготовки, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позцијата 87 Средства за лични доходи на работниците, износот: „67,663.000" се заменува со износот: „83,284.000", во позицијата 88 Средства за материјални трошоци, износот: „2,607.000" се заменува со износот: „3,607.000", во позицијата 90 Средства што за определени потреби и се пренесуваат на Југословенската народна армија, износот: „95,000.000" се заменува со износот: „115,000.000", во ставката Вкупно основна намена 01, износот: „185,294.000" се заменува со износот: „221,915.000", а во ставката вкупно глава 3, износот: „185,294.000" се заменува со износот: „221,915.000".

Во Глава 4. Меморијален центар „Јосип Броз Тито", Основна намена 01 средства за работа на органите на управата, во позицијата 91 Средства за лични доходи на работниците, износот: „445,093.000" се заменува со износот: „561,744.000", во позицијата 92 Средства за материјални трошоци, износот: „161,000.000" се заменува со износот: „229,937.000", во позицијата 97 Надомест за работа во денови на државни празници и ненормирано работно време, износот: „1,200.000" се заменува со износот: „4,200.000", во позицијата 102 Трошоци на научниот собир „Тито и неврзаните", износот: „28,000.000" се заменува со износот: „32,000.000", а во позицијата 104 Трошоци за издавачка дејност, износот: 35,000.000" се заменува со износот: 38,000.000".

Во ставката вкупно основна намена 01 износот: „923,203.000" се заменува со износот: „1.118,791.000", во а во ставката Вкупно Раздел 4 (позиции од 63 до 105) износот: „3.078,047.000" се заменува со износот: „3.966,445.000".

5) во Раздел 5. Уставен суд на Југославија, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 106 Средства за лични доходи на работниците, износот: „167,554.000" се заменува со износот: „253,128.000", во позицијата 107 Средства за материјални торшоци, износот: „14,000.000" се заменува со износот: „23,000.000", во позицијата 108 Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите, износот: „98,415.000" се заменува со износот: 142,884.000", во позицијата 109 Надомест за одвоен живот од семејството, износот: „2,000.000" се заменува со износот: „3,190.000", во позицијата 111 Издавање на збирката „Одлуки и мислења на Уставниот суд на Југославија", износот: „6,000.000" се заменува со износот: „8,600.000", во позицијата 112 Патни трошоци во странство, износот: „1,000.000" се заменува со износот: „1,480.000", во позицијата 115 Трошоци за репрезентација, износот: „280.000" се заменува со износот: „780.000", во ставката Вкупно основна намена 01, износот: „293,039.000" се заменува со износот: „436,852.000" а во ставката Вкупно Раздел 5 (позиции од 106 до 115) износот: „ 3,039.000" со износот: „436.852.000".

6) во Раздел 6. Сојузен суд, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 116 Средства за лични доходи на работниците, износот: „170,490.000" се заменува со износот: „241,500.000", во позицијата 117 Средства за материјални трошоци, износот: „18,000.000" се заменува со износот: „30,570.000", во позицијата 118 Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите, износот: „83,080.000" се заменува се износот: „117,192.000", во позицијата 119 Надомест за одвоен живот од семејството, износот: „1,100.000" се заменува со износот: „2,504.000", во позицијата 120 Издавање „Збирка на судски одлуки" износот: „1,000.000" се заменува со износот: „1,800.000", во позицијата 121 Патни трошоци во земјата, износот: „450.000" се заменува со износот: „700.000", во позицијата 123 Преведување на јазиците на народите и народностите, износот: „450.000" се заменува со износот: „800.000", во позицијата 126 Тековно одржување на зградата и инвентарот, износот: „250.000" се заменува со износот: „350.000", во позицијата 127 Трошоци за престој на странски делегации, износот: „700.000" се заменува со износот: „1,000.000", во позицијата 128 Трошоци за репрезентација, износот: „220.000" се заменува со износот: „420.000", во ставката Вкупно основна намена 01, износот: „277,980.000" се заменува со износот: „399,076.000", а во ставката Вкупно Раздел 6 (позиции 116 до 130) износот: „277,980.000" се заменува со износот: „399,076.000".

7) во Раздел 7. Сојузно јавно обвинителство, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 131 Средства за лични доходи на работниците, износот: 72,157.000" се заменува со износот: „102,084.000", во позицијата 132 Средства за материјални трошоци, износот: „5,300.000" се заменува со износот: „8,800.000", во позицијата 133 Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите, износот: „51,016.000" се заменува со износот: „73,776.000", во позицијата 134 Надомест за одвоен живот од семејството, износот: „960.000" се заменува со износот: „2,340.000", во позицијата 137 Трошоци за советувања, следење и проучување на општествените односи и појави, износот: „100.000" се заменува со износот: „180.000", во позицијата 138 Патни трошоци во земјата, износот: „500.000" се заменува со износот: „1.000,000" во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „131,623.000" се заменува со износот: „189,770.000", а во ставката Вкупно Раздел 7 (позиции од 131 до 141), износот: „131,623.000" се заменува со износот: „189,770.000".

8) во Раздел 8. Сојузно јавно правобранителство, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 142 Средства за лични доходи на работниците, износот: „54,278.000" се заменува со износот: „72,840.000", во позицијата 143 Средства за материјални трошоци, износот: „3,500.000" се заменува со износот: „6,900.000", во позцијата 144 Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите, износот: „13,903.000" се заменува со износот: „20,316.000", во позицијата 146 Трошоци за процесна и извршна постапка и застапување во земјата, износот: „560.000" се заменува со износот: „1,060.000", во позцијата 147 Трошоци за водење на процеси во странство и патни торошоци, износот: „1,150.000" се заменува со износот: „1,850.000", во позицијата 148 Трошоци за престој на странски делегации, износот: „300.000" се заменува со износот: „550.000", во позицијата 150 Трошоци за состаноци, износот: „300.000" се заменува со износот: „450.000", во ставката Вкупно основна намена 01, износот: „74,361.000" се заменува со износот: „104,336.000", а во ставката Вкупно Раздел 8 (позиции од 142 до 151), износот: „74,361.000" се заменува со износот: „104,336.000".

9) во Раздел 9. Сојузен општествен правобранител на самоуправувањето, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 152 Средства за лични доходи на работниците, износот: „39,832.000" се заменува со износот: „59,580.000", во позициајта 153 Средства за материјални трошоци, износот: „4,800.000" се заменува со износот: „7,314.000", во позицијата 154 Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите, износот: „19,130.000" се заменува со износот: „27,684.000", во позицијата 155 Надомест за одвоен живот од семејството, износот: „600.000" се заменува со износот: „1,520.000", во позицијата 156 Трошоци за советувања и семинари, износот: „190.000" се заменува со износот: „360.000", во ставката Вкупно основна намена 01, износот: „64,662.000" се заменува со износот: „96,568.000", а во ставката Вкупно Раздел 9 (позиции од 152 до 159), износот: „64,662.000" се заменува со износот: „96.568.000".

10) во Раздел 10. Сојузен совет за прекршоци, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 160 Средства за лични доходи на работниците, износот: „79,057.000" се заменува со износот: „115,176.000", во позицијата 161 Средства за материјални трошоци, износот: „3,000.000" се заменува со износот: „5,300.000", во позицијата 162 Надомест за одвоен живот од семејството, износот: „320.000", се заменува со износот: „760.000", во позицијата 163 Патни трошоци во земјата, износот: „280.000", се заменува со износот: „380.000", во ставката Вкупно основна намена 01, износот: „83,317.000" се заменува со износот: „122,276.000", а во ставката Вкупно Раздел 10 (позиции од 160 до 165), износот: „83,317.000" се заменува со износот: „122,276.000";

11) во Раздел 11. Сојузен секретаријат за надворешни работи, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 166 Средства за лични доходи на работниците, износот: „5.713,448.000" се заменува со износот: „7.180,069.000", во позицијата 167 Средства за материјални трошоци, износот: „645,133.000" се заменува со

34) Во Раздел 34 Сојузен геолошки завод, Основна намена 01, Средства за работа на органите на управата, во позицијата 748 Средства за лични доходи на работниците, износот: „48,827.000" се заменува со износот: „57,864.000", во позицијата 749 Средства за материјални трошоци износот: „2,741.000" се заменува со износот: „4,418.000", во позицијата 751 Трошоци за изработка и печатење на комплексна геолошка карта на Југославија износот: „30,000.000" се заменува со износот: „40,072.000", во ставката Вкупно основна намена 01, износот: „89,183.000" се заменува со износот: „109,969.000", а во ставката Вкупно Раздел 34 (позиции 748 до 755) износот: „89,183.000" се заменува со износот: „„109,969.000".

35) Во Раздел 35 Архив на Југославија, Основна намена 01, Средства за работа на органите на управата, во позицијата 756 Средства за лични доходи на работниците износот: „231,822.000" се заменува со износот: „319,744.000", во позицијата 757 Средства за материјални трошоци износот: „22,360.000" се заменува со износот: „287,960.000", во позицијата 759 Трошоци за заштита на рахивската граѓа во случај на војна износот: „560.000" се заменува со износот: „1,560.000" во позицијата 760 Трошоци за одржување на инвентарот износот: „800.000" се заменува со износот: „1,000.000", во позицијата 762 Трошоци за издавачката дејност износот: „2,853.000" се заменува со износот: „3,853.000", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „259,756.000" се заменува со износот: „356,478.000", а во ставката Вкупно Раздел 35 (позиции 756 до 762) износот: „259,756.000" се заменува со износот: „356,478.000"

36) Во Раздел 36 Сервис за давање услуги за потребите на репрезентацијата на сојузните органи, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 763 Средства за лични доходи на работниците износот: „573,565.000" се заменува со износот: „876,298.000", во позицијата 764 Материјални трошоци и трошоци за одржување на објекти и опрема износот: „264,680.000" се заменува со износот: „294,180.000", во позицијата 765 Трошоци за експлоатација и одржување на специјалниот воз, износот: „123,724.000" се заменува со износот: „123,724.000" се заменува со износот: „128,724.000", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „1.035,909.000" се заменува со износот: „1.373,142.000", а во ставката Вкупно Раздел 36 (позиции 763 до 769) износот: „1.035,909.000" се заменува со износот: „1.373,142.000".

37) Во Раздел 37 Сервис за давање услугли на општествената исхрана за потребите на работниците на сојузните органи, Основна намена 01, Средства за работа на органите на управата, во позицијата 770 Средства за лични доходи на работниците износот: „818,440.000" се заменува со износот: „1.048,715.000", во позицијата 771 Материјални трошоци и трошоци за одржување на објекти и опрема износот: „140,603.000" се заменува со износот: „170,603.000", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „959,343.000" се заменува со износот: „1.219,618.000", а во ставката Вкупно Раздел 37 (позиции 770 до 772) износот: „959,343.000" се заменува со износот: „1.219,618.000".

38) Во Раздел 38 Авио-сервис на сојузните органи, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 773 Средства за личните доходи на работниците, износот: „161,082.000" се заменува со износот: „257,799.000", во позицијата 774 Материјални трошоци и трошоци за одржување на објекти и опрема износот: „533,220.000" се заменува со износот: „801,761.000", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „694,402.000" се заменува со износот: „1.059,660.000" а во ставката Вкупно Раздел 38 (позиции 773 до 775) износот: „694,402.000" се заменува со износот: „1.059.660.000".

39) Во Раздел 39 Сервис за финансиско-материјални работи на сојузните органи на управата и на сојузните организации, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата во позицијата 776 Средства за лични доходи на работниците износот: „478,037.000" се заменува со износот: „667,176.000", во позицијата 777 Средства за ма-

теријални трошоци износот: „18,928.000" се заменува со износот: „44,459.000", во позицијата 778 Средства за репродукционен материјал и резервни делови износот: „18,000.000" се заменува со износот: „38,000.000", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „515,133.000" се заменува со износот: „749.803.000", а во ставката Вкупно Раздел 39 (позиции 776 до 779) износот „515,133.000" се заменува со износот: „749,803.000".

40) Во Раздел 40 Сервис за биротехнички работи на сојузните органи на управата и на сојузните организации, Основна намена 01, Средства за работа на органите на управата, во позицијата 780 Средства за лични доходи на работниците, износот: „679,298.000" се заменува со износот: „951,288.000", во позицијата 781 Средства за материјални трошоци износот: „70,232.000" се заменува со износот: „101.002.000", во позицијата 782 Трошоци за франкирање на поштата износот: „33,600.000" се заменува со износот: „53,600.000", во позицијата 784 Средства за набавка на канцелариски и друг потрошен материјал за сојузните органи износот: „15,000.000" се заменува со износот: „25,000.000", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „842,450.000" се заменува со износот: „1,175,210.000", а во ставката Вкупно Раздел 40 (позиции 780 до 784) износот: „842,450.000" се заменува со износот: „1.175,210.000".

41) Во Раздел 41 Управа на деловните згради на сојузните органи, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 785 Средства за лични доходи на работниците износот: „1.670,680.000", се заменува со износот: „2.411,326.000", во позицијата 786 Средства за материјални трошоци износот: „110,150.000" се заменува со износот: „161,139.000" во позицијата 787 Трошоци за греење, електрична енергија, вода и други услуги износот: „1.171,415.000" се заменува со износот: „1.521,415.000", во позицијата 788 Режиски трошоци во врска со одржувањето на згради и опрема износот: „187,375.000" се заменува со износот: „257.375.000", во позицијата 789 Трошоци за осигурување на згради и опрема износот: „50,000.000" се заменува со износот: „100.000.000", во позицијата 795 Трошоци за специјални телефонски врски износот: „20,000.000" се заменува со износот: „26,000.000", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „3.681,720.000" се заменува со износот: „4.949.355.000", а во ставката Вкупно Раздел 41 (позиции 785 до 796) износот: „3.681,720.000" се заменува со износот: „4.949,355.000".

42) Во Раздел 42 Авто-сервис на сојузните органи, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 797 Средства за лични доходи на работниците, износот: „589,430.000" се заменува со износот: „832,679.000", во позицијата 798 Средства за материјални трошоци износот: „15,774.000" се заменува со износот: „23,783.000", во позицијата 800 Набавка на резервни делови и трошоци за други намени износот: „210.386.000" се заменува со износот: „280.386.000", во ставката Вкупно основна намена 01 износот: „832,810.000" се заменува со износот: „1.154,068.000", а во ставката Вкупно Раздел 42 (позиции 797 до 802) износот: „832,810.000" се заменува со износот: „1.154,068.000".

43) Во Раздел 43 Служба на работи на преведување, Основна намена 01 Средства за работа на органите на управата, во позицијата 803 Средства за лични доходи на работниците, износот: „606.592.000" се заменува со износот: „703,309.000", во позицијата 804 Средства за материјални трошоци износот: „36,900.000" се заменува со износот: „63,213.000", во позицијата 805 Надомест за надворешни соработници износот: „8,718.000" се заменува со износот: 13,718.000", во ставката Вкупно Основна намена 01 износот: „657,853.000" се заменува со износот: „785,883.000", а во ставката Вкупно Раздел 43 (позиции 803 до 810) износот: „657,853.000" се заменува со износот: „785,883.000".

44) Во Раздел 44 Дополнителни средства на општествено-политичките и општествените организации, Основна намена 06 Други општи и општествени потреби на општествено-политичките организации:

а) Дотација на Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, во позицијата 816 Финансирање на Програмата за работа на Сојузната конференција, износот: „1.070,174.000" се заменува со износот: „1.621.274.000", во позицијата 817 Средства за Центарот „Едвард Кардељ", износот: „56.000.000" се заменува со износот: „70,000.000", во позицијата 819 Дотација на весникот „Борба" износот: „876,000.000" се заменува со износот: „1.376.000.000", во позицијата 820 за Списанието „Југословенски преглед" - српскохрватско издание, износот: „32,886.000" се заменува со износот: „53,886.000", во позицијата 823 Финансирање на програмата за работа на Советот на ЦК на ССРНЈ за заштита и унапредување на човековата средина износот: „32,480.000" се заменува со износот: „48,680.000", во позицијата 824 Конференција за развој на месните заедници на Југославија износот: „26,142.000" се заменува со износот: „39,142.000",

б) Дотација на Претседателството на конференција на Сојузот на социјалистичка младина на Југославија, во позицијата 825 Финансирање на програмата за работа на Конференцијата, износот: „675,359.000" се заменува со износот: „1.013,059.000", во позицијата 826 Прослава на Денот на младоста износот: „107,394.000" се заменува со износот: „157,394.000", во позицијата 828 за весникот „Младост" износот: „143,318.000" се заменува со износот: „173,318.000",

в) Дотација на Сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната војна на Југославија, во позицијата 834 финансирање на Програмата за работа на Сојузот, износот: „242,958.000" се заменува со износот: „364,458.000", во позицијата 835 за весникот „4 јули", износот: „119,770.000" се заменува со износот: „149,770.000",

г) Дотација на Црвениот крст на Југославија, во позицијата 836 Финансирање на програмата за работа на Претседателството, износот: „134,662.000" се заменува со износот: „175,662.000", во позицијата 838 членарина на Лигата, МКЦК, износот: „29,399.000" се заменува со износот: „39,199.000", во позицијата 840 Центар за обука на кадрите на Црвениот крст и на Црвениот полумесец од земјите во развој и неврзаните земји, износот: „8,190.000" се заменува со износот: „11,190.000",

д) Дотација на Југословенската лига за мир, независност и рамноправност на народите, во позицијата 842 Финансирање на програмата за работа на Лигата, износот: „16,856.000" се заменува со износот: „24,856.000",

ѓ) Дотација на Сојузот на здружението за Обединетите нации на Југославија, во позицијата 843 Финансирање на програмата за работа на Сојузот, износот: „2,366.000" се заменува со износот: „3,566.000",

е) Дотација на Сојузот на резервните воени старешини на Југославија, во позицијата 844 Финансирање на програмата за работа на Сојузот, износот: „93,776.000" се заменува со износот: „140,776.000",

ж) Сојуз за физичка култура на Југославија, во позицијата 845 Трошоци на меѓународните активности на подрачјето на физичката култура на Југославија, износот: „886,000.000" се заменува со износот: „1.516.000.000", во позицијата 846 Вонредни програми на спортски манифестации што се одржуваат во 1987 година, износот: „196,000.000", се заменува со износот: „346,000.000".

Во ставката Вкупно основна намена 06 износот: „5.942,600.000" се заменува со износот: „8.517,100.000", а во ставката Вкупно Раздел 44 (позиции 811 до 850) износот: „5.942,600.000" се заменува со износот: „8.517,100.000".

Член 5

Овие измени и дополненија влегуваат во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**858.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ВКУПНИОТ ПРИХОД И ДОХОДОТ

Се прогласува Законот за измени на Законот за вкупниот приход и доходот, што го усвои Собранието на

СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 2 октомври 1987 година.

П бр. 758
2 октомври 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Лазар Мојсов** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ВКУПНИОТ ПРИХОД И ДОХОДОТ

Член 1

Во Законот за вкупниот приход и доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86 и 42/87), во член 130 став 1 зборовите: „според периодичната пресметка за периодот од 1 јануари до 30 јуни 1987 година" се заменуваат со зборовите: „во 1987 година".

Во став 3 зборовите: „1987 и" се бришат.

Член 2

Член 133 ѓ се менува и гласи:

„Основната организација што самоуправниот општ акт ќе го усогласи со самоуправната спогодба и со општествениот договор го утврдува и го распоредува доходот, чистиот доход и ги распределува средствата за лични доходи и врши исплата на личните доходи според периодичната пресметка за периодот јануари-септември и завршната сметка за 1987 година кумулативно според овој акт."

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, банките, освен интерните банки, заедниците за осигурување на имоти и лица, самоуправните интересовни заедници, лотариите и кладилниците и здруженијата на организациите на здружен труд освен здруженијата што пристапиле кон општествениот договор, врз исплатата на личните доходи за периодот јануари-јуни 1987 година ќе се применуваат одредбите на Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства за лични доходи и за заедничка потрошувачка на работниците во банкарските организации, самоуправните интересовни заедници, организациите за осигурување на имоти и лица, лотариите и кладилниците и здруженијата на организациите на здружен труд до 30 јуни 1987 година."

Член 3

Член 133е се брише.

Член 4

Одредбата на член 1 од овој закон ќе се примени и врз составувањето на периодичната пресметка за периодот јануари - септември 1987 година.

Член 5

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**859.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ
## ЗА ПОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА ПОРАСТОТ НА ПАРИЧНАТА МАСА И НА ДИНАРСКИТЕ ПЛАСМАНИ НА БАНКИТЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ОКТОМВРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1987 ГОДИНА

Се прогласува Законот за привремено утврдување на порастот на паричната маса и на динарските пласмани на банките во периодот од 1 октомври до 31 декември 1987 година, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 2 октомври 1987. година.

П бр. 759
5 октомври 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Лазар Мојсов**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА ПОРАСТОТ НА ПАРИЧНАТА МАСА И НА ДИНАРСКИТЕ ПЛАСМАНИ НА БАНКИТЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ОКТОМВРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1987 ГОДИНА

Член 1

Заради остварување на утврдените цели и задачи на монетарно-кредитната политика во 1987 година, порастот на паричната маса во периодот од 1 октомври до 31 декември 1987 година, заедно со остварениот пораст во периодот од 1 јануари до 30 септември 1987 година, може да изнесува најмногу до 80% во однос на состојбата на 31 декември 1986 година. Со мерки на монетарно-кредитната политика ќе се обезбеди порастот на вкупните динарски пласмани на банките да се усогласи со така утврдените рамки на порастот на паричната маса, со тоа што тој пораст во целата 1987 година може да изнесува најмногу до 56% во однос на состојбата на 31 декември 1986 година.

Член 2

Порастот на динарските пласмани на банките утврден во член 1 на овој закон ги опфаќа и пласманите на банките утврдени во точка 4 на Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр.71/86, 22/87 и 43/87), како и:

1) кредитите на банките што им се даваат на организации на здружен труд за верификуваните програми за економско-финансиска консолидација на стопанството во СР Црна Гора, СР Македонија и САП Косово;

2) кредитите на банките за кредитирање на изградбата на определени туристички објекти до износот од 25,5 милијарди динари, а според распоредот што го утврди Сојузниот извршен совет;

3) кредитите на банките за инвестиции во основни и трајни обртни средства за реализацијата на заедничката програма за производство и извоз на автомобили „Југо-Застава" до износот од 25,3 милијарди динари;

4) кредитите на банките за зголемување на основачкиот влог во домашните организации на здружен труд - носители на реализацијата на заедничката програма за производство и извоз на мебел во САД, Канада и Австралија (програма „АКА"), рефинансирана од страна на Југословенската банка за меѓународна економска соработка, до износот на динарската противвредност од 25 милиони САД долари.

Со мерки на монетарно-кредитната политика Народната банка на Југославија поблиску ќе го утврди порастот на одделните видови пласмани на банките, така што растежот на вкупните динарски пласмани на банките не може да биде поголем од порастот на тие пласмани утврден во член 1 на овој закон.

Член 3

На кредитите што банките ги користат кај Народната банка на Југославија во согласност со утврдената монетарно-кредитна политика банките можат, во периодот од 1 октомври до 31 декември 1987 година, да засметуваат каматна маржа најмногу до два процентни поени.

Каматната стапка на банките на динарските депозити на граѓаните и на стопанството ненаменски орочени на

три месеци, во периодот од 1 октомври до 31 декември 1987 година, не може да биде пониска од есконтната стапка на Народната банка на Југославија.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 октомври 1987 година.

---

**860.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА БАНКАРСКИОТ И КРЕДИТНИОТ СИСТЕМ

Се прогласува Законот за дополнение на Законот за основите на банкарскиот и кредитниот систем, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 5 октомври 1987 година.

П бр. 760
5 октомври 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Лазар Мојсов**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА БАНКАРСКИОТ И КРЕДИТНИОТ СИСТЕМ

Член 1

Во Законот за основите на банкарскиот и кредитниот систем („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/85, 9/86, 34/86 и 72/86) во член 5 се додава став 2 кој гласи:

„Одредбите на сојузниот закон со кој се уредува санација и престанок на организации на здружен труд сообразно се применуваат и на банки и други финансиски организации, ако со овој или со друг закон не е поинаку определено.".

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**861.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 и на член 286 став 2 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 30 септември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ДА БИДЕ УЧЕСНИК ВО СКЛУЧУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА НА РАЗВОЈОТ НА АГРОИНДУСТРИСКОТО ПРОИЗВОДСТВО ДО 2000 ГОДИНА

1. Се усвојува Иницијативата Собранието на СФРЈ да биде учесник во склучувањето на Општествениот договор за остварувањето на стратегијата на развојот на агроиндустриското производство до 2000 година.

2. Се определува Одборот за општествен план и развојна политика на Соборот на републиките и покраините да учествува во постапката за усогласување на ставовите на учесниците на овој општествен договор и, по постигнатата согласност со другите учесници, да го предложи текстот на предлогот на општествениот договор.

3. Се определува делегатот Кишпал Стеван од името на Соборот да учествува во работата на заедничкото работно тело што ќе работи врз усогласувањето на ставовите.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 283
30 септември 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич** с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
**Драшко Поповиќ**, с. р.

---

**862.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 16 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 225 став 2 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 2 октомври 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА СОСТАВОТ НА СОЈУЗНИТЕ КОМИТЕТИ

1. Во Одлуката за составот на сојузните комитети („Службен лист на СФРЈ, бр. 26/78, 1/80, 41/80 и 24/86), во точка 1, на сите места, зборовите: „Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство" се бришат.

Во одредбата под 3 по алинеја 6 се додава нова алинеја, која гласи:

„ - Деловната заедница на Југословенската радио-телевизија;".

Во одредбата под 7 по алинеја 4 се додава нова алинеја, која гласи:

„ - Сојузниот завод за мери и скапоцени метали".

По алинеја 16 се додава нова алинеја, која гласи:

„ - Деловната заедница на Југословенската радио-телевизија".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 286
2 октомври 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Омер Курпејовиќ**, с. р.

---

**863.**

Врз основа на член 322 став 1 и на член 324 став 6 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со Амандман IV точка 1 на Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на заедничката седница на Сојузниот собор и Соборот на републиките и покраините од 1 октомври 1987 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Се прогласува:
– дека Бошко Круниќ, по положба е член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

2. Се објавува дека Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија го сочинуваат:
– од Социјалистичка Република Македонија – Лазар Мојсов;
– од Социјалистичка Република Словенија – Стане Доланц;
– од Социјалистичка Република Србија – Никола Љубичиќ;
– од Социјалистичка Република Хрватска – Јосип Врховец;
– од Социјалистичка Република Црна Гора – Веселин Ѓурановиќ;
– од Социјалистичка Автономна Покраина Војводина – Радован Влајковиќ;
– од Социјалистичка Автономна Покраина Косово – Синан Хасани и
– Бошко Круниќ, како претседател на Претседателството на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија.

3. Функцијата член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, до прогласувањето на изборот на новиот член во Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, ја врши претседателот на Претседателството на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина Мато Андриќ.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 327
1 октомври 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

| | |
|---|---|
| Претседател на Соборот на републиките и покраините, **Драшко Поповиќ**, с. р. | Претседател на Сојузниот собор, **Омер Курпејовиќ**, с. р. |

**864.**

Врз основа на член 288 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 315 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Претседателството на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 30 септември 1987 година и на седницата на Сојузниот собор од 2 октомври 1987 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА УСТАВНИОТ СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

За судија на Уставниот суд на Југославија се избира Вељко Марковиќ, член на Претседателството на Социјалистичка Република Србија.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 292
2 октомври 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

| | |
|---|---|
| Претседател на Соборот на републиките и покраините, **Драшко Поповиќ**, с. р. | Претседател на Сојузниот собор **Омер Курпејовиќ**, с. р. |

**865.**

Врз основа на член 288 точка 4, а во врска со член 315 точка 7 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата на Сојузниот собор од 2 октомври 1987 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 2 октомври 1987 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Се разрешува од член на Советот на федерацијата Хакија Поздерац.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 330
2 октомври 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

| | |
|---|---|
| Претседател на Соборот на републиките и покраините, **Драшко Поповиќ**, с. р. | Претседател на Сојузниот собор, **Омер Курпејовиќ**, с. р. |

**866.**

Врз основа на член 57 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75, 7/77, 61/78, 26/79, 5/80, 63/80, 3/81, 23/82, 15/83, 66/83, 71/84, 39/85, 11/86 и 21/87), врз основа на усогласените ставови со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

# УРЕДБА

## ЗА ИЗМЕНИ НА УРЕДБАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ, НАМАЛУВАЊЕ, ОДНОСНО УКИНУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ОСНОВНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Во Уредбата за зголемување, намалување, односно укинување на стапките на основниот данок на промет на определени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/87) член 1 се менува и гласи:

„На прометот на производите од тар. број 4 од Тарифата на основниот данок на промет (во натамошниот текст: Тарифата) основен данок на промет на производи се плаќа, и тоа за:

1) природни вина, медицински вина, медовина и јаболково вино ..................... 7,5%
2) освежувачки, газирани безалкохолни пијалоци, ароматизирани сирупи и пијалоци што содржат алкохол, но не повеќе од 2% ..................... 30%
3) минерални и газирани води ..................... 30%
4) природни ракии и вињаци ..................... 60%
5) пиво ..................... 65%
6) други алкохолни пијалоци ..................... 100%.".

Член 2

Во член 3 точ. 1 и 2 се менуваат и гласат:

„1) за патнички автомобили со работна зафатнина на моторот до 0,95 литри .......... 15%
2) за патнички автомобили со работна зафатнина на моторот над 0,95 литри до 1,6 литри ..................... 23%.".

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 345
2 октомври 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р.**

## 867.

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75, 7/77, 61/78, 26/79, 5/80, 63/80, 3/81, 23/82, 15/83, 66/83, 71/84, 39/85, 11/86 и 21/87), врз основа на усогласените ставови со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

# УРЕДБА

## ЗА ИЗМЕНА НА УРЕДБАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ, НАМАЛУВАЊЕ, ОДНОСНО УКИНУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ОСНОВНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРЕРАБОТКИ ОД ТУТУН

Член 1

Во Уредбата за зголемување, намалување односно укинување на стапките на основниот данок на промет на преработки од тутун („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/87 и 39/87), во член 1 точка 2 се менува и гласи:

2) на сите видови екстра цигари - пакување од 20 парчиња, на чие производство не се применуваат прописите за југословенските стандарди, основниот данок на промет на производи се плаќа, и тоа за цигари:

- чија цена е до 369 динари .................. 44,51%
- чија цена е над 369 до 449 динари .......... 46,85%
- чија цена е над 449 до 649 динари .......... 53,06%
- чија цена е над 649 динари .................. 62,20%.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 347
2 октомври 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р.**

## 868.

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75, 7/77, 61/78, 26/79, 5/80, 63/80, 3/81, 23/82, 15/83, 66/83, 71/84, 39/85, 11/86 и 21/87), врз основа на усогласените ставови со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

# УРЕДБА

## ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ, НАМАЛУВАЊЕ, ОДНОСНО УКИНУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ОСНОВНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ, ОД ТАР. БРОЈ 9, 11 И 14 ОД ТАРИФАТА НА ОСНОВНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ

Член 1

На прометот на производите од точка 1 и точка 2 алинеја втора на тар. број 9 од Тарифата на основниот данок на промет, се плаќа основен данок на промет на производи, и тоа:

1) за производи од сите видови и форми изработени со повеќе од 2% злато и други благородни метали (платина и др.), како и за производи изработени со повеќе од 50% сребро (освен производи изработени од сребро во филигрtypeрам на чии што промет се плаќа данок според тар. број 1 на оваа тарифа) .................................. 50%

2) за украсни стоки .......................... 100%.

Член 2

На прометот на производите од точ. 2, 13, 15, 16, 17 и 19 од Тар. број 11 на Тарифата на основниот данок на промет, основниот данок на промет се плаќа по стапка од 12%, и тоа за:

1) производите од тар. број 42.02 и 42.05 од Царинската тарифа изработени од кожа, вештачка кожа или скај;

2) велосипеди и трицикли, велосипеди и трицикли со мотор, моторни велосипеди чија работна зафатнина на моторот не преминува 100 $cm^3$ и детски колички (колички за бебиња);

3) производи од гума, освен производите од гума на чиишто промет данок се плаќа по други тар. броеви од оваа тарифа;

4) штавени кожи и производи од кожа, вештачки кожи и скај, освен производите на чијшто промет се плаќа данок по други тар. броеви од оваа тарифа или за кои е уведено даночно ослободување.

5) тоалетен сапун, сапун за бричење, како и кремови и спреови изработени врз база на сапун што се употребуваат за бричење, медицински сапун, паста и прашоци за заби, лосиони за усти, пудер, кремови, беби-масло, беби-млеко и пенести бањи за деца и шампони за коса и бањање.

6) украсен камен, мермер и гранит и производи од нив што се употребуваат како градежен материјал.

Член 3

На прометот на производите од став 1 точка 1 на тар. број 14 од Тарифата на основниот данок на промет, основниот данок на промет на производи се плаќа, и тоа за:

1) производи од шеќер (бонбони, гуми за цвакање и др.) од тар. број 17.04 на Царинската тарифа ......... 20%

На прометот на чоколадо и други преработки за храна што содржат какао од тар. број 18.06 на Царинската тарифа, се плаќа основен данок на промет по стапка од. 10%.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престануваат да важат точ. 1 и 4 на член 4 од Уредбата за зголемување, односно намалување односно укинување, на стапките на основниот данок на промет на определени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/86).

Член 5

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 346
2 октомври 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р.**

## 869.

Врз основа на член 22 од Законот за личните доходи на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и за надоместите на личните доходи на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/75, 16/77, 62/79, 13/83, 12/85 и 49/87), Административната комисија на Собранието на СФРЈ, на седницата од 2 октомври 1987 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОТ НА ТРОШОЦИТЕ ПОРАДИ ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА ИЛИ ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

1. Во Одлуката за износот на надоместот на трошоците поради одвоен живот од семјеството на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ

(„Службен лист на СФРЈ", бр. 58/85, 9/86, 54/86 и 29/87), во точка 1 износот: „70.000" се заменува со износот: „90.000" динари.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 06.4-66/87-013
2 октомври 1987 година
Белград

**Административна комисија на Собранието на СФРЈ**

Претседател,
**Емин Добарџиќ**, с. р.

## 870.

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за личните доходи на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и за надоместите на личните доходи на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/75, 16/77, 62/79, 13/83, 12/85 и 49/87), Административната комисија на Собранието на СФРЈ, на седницата од 2 октомври 1987 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗНОСОТ НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА

1. Во Одлуката за износот на месечниот надомест на трошоците за вршење на функцијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/85, 9/86, 43/86 и 13/87) во точка 1 износот: „22.500" се заменува со износот: „35.000".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 06.4-66/87-013
2 октомври 1987 година
Белград

**Административна комисија на Собранието на СФРЈ**

Претседател,
**Емин Добарџиќ**, с. р.

## 871.

Врз основа на член 19 од Законот за личните доходи на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и за надоместите на личните доходи на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/75, 16/77, 69/79, 13/83, 12/85, 43/86 и 49/87) и на член 5 од Одлуката за надоместите на личните доходи и на другите примања на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/77 и 62/77), Административната комисија на Собранието на СФРЈ, на седницата од 2 октомври 1987 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗНОСОТ НА ДНЕВНИЦИТЕ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА СФРЈ И НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА ИЛИ ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

1. Во Одлуката за износот на дневниците на делегатите во Собранието на СФРЈ и на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/86, 43/86 и 13/87), во точ. 1 и 2 износот: „4.500" се заменува со износот: „7.000".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 06.4-66/87-013
2 октомври 1987 година
Белград

**Административна комисија на Собранието на СФРЈ**

Претседател,
**Емин Добарџиќ**, с. р.

## 872.

Врз основа на член 3 став 2 на Одлуката за надоместите на личните доходи и на другите примања на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/77 и 62/77), Административната комисија на Собранието на СФРЈ, на седницата од 2 октомври 19987 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОТ НА ЛИЧНИОТ ДОХОД НА ДЕЛЕГАТИТЕ КОИ НАДОМЕСТ НА ЛИЧНИОТ ДОХОД ОСТВАРУВААТ ВО СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

1. Надоместот на личниот доход на делегатите кои надомест на личниот доход во постојан месечен износ остваруваат во Собранието на СФРЈ, се усогласува за 21,7%.

2. Усогласувањето на надоместот на личниот доход од точка 1 на оваа одлука ќе се изврши од 1 јули 19987 година, а надоместот на личниот доход ќе се исплати на товар на наменските средства на Собранието на СФРЈ.

3. Право на усогласување од точка 1 на оваа одлука имаат и делегатите и функционерите кои личен доход остваруваат во Собранието на СФРЈ, според Законот за работата и правата на делегатите во Собранието на Социјалистичката Федеративна Република Југославија и функционерите во федерацијата на кои им престанала функцијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/67, 34/77 и 55/84).

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 06. 4-66/87-013
2 октомври 1987 година
Белград

**Административна комисија на Собранието на СФРЈ**

Претседател,
**Емин Добарџиќ**, с. р.

## 873.

Врз основа на член 11 став 2 од Законот за личните доходи на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и за надоместите на личните доходи на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/75, 16/77, 62/79, 13/83, 12/85 и 49/87), Административната комисија на Собранието на СФРЈ, на седницата од 2 октомври 1987 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА БОДОВИТЕ ЗА СЕКОЈА ФУНКЦИЈА ОД ЛИСТАТА НА ФУНКЦИИТЕ И ЗА ФУНКЦИИТЕ ШТО НЕ СЕ РАСПОРЕДЕНИ ВО ЛИСТАТА НА ФУНКЦИИТЕ ОД КОМИСИЈАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ОСНОВИТЕ И МЕРИЛАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ И НА ДРУГИТЕ ПРИМАЊА НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ВО ФЕДЕРАЦИЈАТА

Со оваа одлука се определува бројот на бодовите за секоја функција од листата на функциите на определени функционери што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и на функционерите што не се распоредени во Листата на функциите, а што ги избира или именува Собранието на СФРЈ, и за раководните работници во службите на Собранието на СФРЈ, за утврдување на личните доходи, и тоа:

| **1. Функции од листата на функциите** | **број на бодови** |
|---|---|
| – претседател на Сојузниот извршен совет | 500 |
| – потпретседател на Сојузниот извршен совет | 450 |
| – претседател на Уставниот суд на Југославија | 440 |
| – член на Сојузниот извршен совет | 410 |
| – сојузен секретар за надворешни работи | 410 |
| – сојузен секретар за народна одбрана | 420 |
| – сојузен секретар за внатрешни работи | 410 |
| – претседател на Сојузниот суд | 410 |

| | број на бодови |
|---|---|
| – судија на Уставниот суд на Југославија | 410 |
| – сојузен јавен обвинител | 410 |
| – сојузен јавен правобранител | 390 |
| – сојузен општествен правобранител на самоуправувањето | 390 |
| – гувернер на Народната банка на Југославија | 410 |
| – генерален директор на Службата на општественото книговодство на Југославија | 410 |
| – генерален директор на Сојузниот завод за општествено планирање | 410 |
| – генерален секретар на Собранието на СФРЈ | 400 |
| – заменик на сојузниот јавен обвинител | 380 |
| – судија на Сојузниот суд | 380 |
| – заменик на сојузен секретар | 380 |
| – заменик на претседател на сојузен комитет | 380 |
| – заменик на сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето | 370 |
| – заменик на сојузниот јавен правобранител | 360 |
| **2. Функции што не се распоредени во Листата на функциите** | |
| – сојузен советник | 380 |
| – заменик на генералниот секретар на Собранието на СФРЈ | 380 |
| – секретар на Службата за законодавство на Собранието на СФРЈ | 380 |
| – секретар на соборот на Собранието на СФРЈ | 380 |
| – заменик на гувернерот на Народната банка на Југославија | 380 |
| – заменик на генералниот директор на Службата за општественото книговодство на Југославија | 380 |
| – заменик на генералниот директор на Сојузниот завод за општествено планирање | 380 |
| **3. Раководни работници** | |
| – советник на Собранието на СФРЈ | 380 |
| – помошник на генералниот секретар на Собранието на СФРЈ | 370 |
| – секретар на Службата за работи на информирањето и за информативно-документалистички работи | 380 |
| – секретар на Службата за работи на делегатите, делегациите и на Протоколот на Собранието на СФРЈ | 360 |
| – секретар на Службата за претставки и предлози на Собранието на СФРЈ | 360 |
| – секретар на Службата за општи работи на Собранието на СФРЈ | 360 |
| – шеф на кабинетот на претседателот на Собранието на СФРЈ | 380 |
| – секретар на работно тело на Собранието на СФРЈ | 350 |
| – секретар на постојана комисија на Собранието на СФРЈ | 350 |
| – помошник на секретар на собор на Собранието на СФРЈ | 350 |
| – помошник на секретарот на Службата за законодавство на Собранието на СФРЈ | 350 |
| – помошник на секретарот на Службата за работи на информирањето и за информативно-документалистички работи на Собранието на СФРЈ | 350 |
| – помошник на секретарот на Службата за претставки и предлози на Собранието на СФРЈ | 350 |
| – одговорен уредник на публикациите на Собранието на СФРЈ | 350 |

4. Административната комисија на Собранието на СФРЈ, според Листата на утврдените функции и на коефициентите за тие функции, за функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ, донесува одлука за определување на бројот на бодовите за тие функции и донесува решение за утврдување на личниот доход за тие функции.

5. Бројот на бодовите за функциите во точ. 2 и 3 на оваа одлука го определува и врз основа на тоа донесува решение за утврдувањето на личниот доход Административната комисија на Собранието на СФРЈ, на предлог од генералниот секретар на Собранието на СФРЈ.

6. На раководните работници што по разрешувањето од должноста се наоѓаат на располагање, согласно со одредбите на член 249 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата, им се определува личниот доход според функцијата што ја имале до разрешувањето.

7. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат: Одлуката за распоредување на функциите во групите на функциите и за определување на коефициентите („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/84 и 34/85); Одлуката за основите и мерилата за определување на личните доходи, за распоредувањето на функциите во групите на функции и за определување на коефициентите за функционерите што ги избира односно именува Собранието на СФРЈ, а кои не се распоредени во групите на функциите и на кои не им се определени коефициентите од Комисијата за следење на спроведувањето на Општествениот договор („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/77, 15/79 и 34/85); Одлуката за основите и мерилата за определување на личните доходи и на другите примања на раководните работници што ги назначува Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именување („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/85), и Одлуката за утврдување на коефициентите за функциите во службите на Собранието на СФРЈ, чиишто носители ги поставува Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 06.4–66/87–013
2 октомври 1987 година
Белград

**Административна комисија на Собранието на СФРЈ**

Претседател,
**Емин Добарџиќ**, с. р.

## 874.

Врз основа на член 124 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, Претседателството на СФРЈ, Сојузниот извршен совет, Уставниот суд на Југославија, Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија, Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојузот на работниот народ на Југославија, Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија, Сојузниот одбор на Сојузот на здруженијата на борците на Народноослободителната војна на Југославија и Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија склучуваат

# ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

## ЗА ОСНОВИТЕ И МЕРИЛАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ И ДРУГИТЕ ПРИМАЊА НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ВО ФЕДЕРАЦИЈАТА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со овој општествен договор, во согласност со заедничките основи и мерила утврдени со Општествениот договор за заедничките основи и мерила за утврдување на личните доходи и другите примања и надомести на функционерите во органите на општествено-политичките заедници и општествено-политичките организации, се уредуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и други примања и надомести на определени материјални трошоци на функционерите на сојузните органи и на органите на општествено-политичките организации во федерацијата (во натамошниот текст: функционери) и нивната единствена примена во сојузните органи и во органите на општествено-политичките организации во федерацијата.

2. Во согласност со уставното начело трудот и резултатите од трудот да ја определуваат материјалната и општествената положба на човекот, со основите и мерилата утврдени со овој општествен договор се обезбедува личниот доход на функционерите да се заснова врз вкупниот придонес што со својот тековен и минат труд го дале за остварување на правата и должностите на органот во кој ја вршат функцијата и врз резултатите од општествениот развој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

3. Учесниците на овој општествени договор (во натамошниот текст: учесници) се обврзуваат дека, во рамките на својата надлежност и одговорност, ќе обезбедуваат во сојузните органи и во органите на општествено-политичките организации во федерацијата доследно и единствено да се применуваат и постојано да се унапредуваат основите и мерилата уредени со овој општествен договор и за тоа ќе остваруваат постојана меѓусебна соработка и консултации.

4. Личниот доход на функционерите го утврдуваат органите, односно надлежните тела во кои функционерите ја вршат функцијата (во натамошниот текст: органи) од вкупниот износ на средствата за лични доходи на функционерите што се обезбедува во согласност со основите и мерилата уредени со овој општествени договор.

По исклучок од одредбата на став 1 од оваа точка, личните доходи на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ ги утврдува надлежното тело на Собранието на СФРЈ, а личните доходи на претседателот и судиите на Уставниот суд на Југославија - Уставниот суд на Југославија.

5. Учесниците се согласни со општиот акт на органите да се разработат поблиски основи и мерила за утврдување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надомести на определени материјални трошоци на функционерите.

6. Учесниците се согласни органите, на начинот уреден со нивните општи акти, да ја известуваат јавноста за основите и мерилата за утврдување и распределба на средства за лични доходи и други примања и надомести на определени материјални трошоци на функционерите што ќе ги утврдат во согласност со овој општествен договор, како и за утврдените лични доходи на функционерите.

7. Надоместот на личните доходи и другите примања на делагатите што остваруваат надомест на личните доходи во Собранието на СФРЈ, и на функционерите избрани од редот на делегатите, се утврдува според основите и мерилата определени со општиот акт на надлежниот собор на Собранието на СФРЈ.

## II. ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ

### 1. Обезбедување средства за лични доходи на функционерите

8. Сојузните органи и органите на општествено-политичките организации во федерацијата обезбедуваат средства за лични доходи на функционерите, зависно од вредноста на работите и задачите што се содржина на функцијата која функционерот ја врши и од оцената на вкупниот придонес што функционерот го дава со својот тековен и минат труд за остварување на правата и должностите на органот во кој ја врши функцијата.

9. Вредноста на работите и задачите што се содржина на функцијата се утврдува зависно од:
- општествено-политичкото значење на работите и задачите;
- сложеноста и обемот на работите и задачите;
- општествената одговорност за извршувањето на работите и задачите.

При оценувањето на општествено-политичкото значење на роботите и задачите што се содржина на функцијата се земаат предвид:
- карактерот на работите и задачите, зависно од тоа дали со нивното извршување предимно се учествува во утврдувањето на политиката или во вршењето на извршните, управните или други соодветни функции;
- значењето на работите и задачите, зависно од правата и должностите на органот во кој се врши функцијата;
- општествено-политичкото искуство и стручната оспособеност и искуство стекнато со работа потребно за извшрување на работите и задачите.

При оценувањето на сложеноста на работите и задачите што се содржина на функцијата се земаат предвид:
- видот на работите и задачите;
- обемот и интензитетот на работите и задачите.

